# МИСЛЕЊЕ КОН РЕВИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Скопје, април 2023 година

**МИСЛЕЊЕ КОН РЕВИДИРАНИТЕ**
**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

1. Врз основа на Законот за банки, на предлог на Одборот за ревизија и одобруваето од Надзорниот одбор, Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје (СБ) на седницата оддржана на 31-ви мај, 2022 година го избра ревизорското друштво ***Drushtvo za revizija Grant Tornton doo, Skopje*** за овластено ревизорско друштво коешто изврши ревизија на финансиските извештаи, сметководствената евиденција и информациските системи поврзани со работењето на Банката во деловната и фискална 2022 година, а во согласност со домашните законски прописи.

2. Во согласност со домашното законодавство, избраното ревизорско друштво ги ревидира финансиските извештаи на СБ коишто го вклучуваат Билансот на состојба со состојба на 31.12.2022 година, Билансот на успех, Извештајот за промените во капиталот и Извештајот за паричниот тек за годината што заври, како и Резиме на значајните сметководствени политики и други забелешки.

3. Надзорниот одбор целосно ја признава одговорноста на менаџментот за подготовка и објективно претставување на финансиските извештаи во согласност со домашните стандарди.

4. Надзорниот одбор целосно ја признава одговорноста на ревизорското друштво за изразување на Мислење врз основа на презентираните финансиски извештаи во согласност со домашните ревизорски стандарди и согласно етичките стандарди, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјални пропусти.

5. По извршената ревизија на презентираните финансиски извештаи, беше дадено следното ревизорско мислење:

   ***Мислење*:**

   *Според наше мислење, финансиските извештаи на Стопанска банка АД – Скопје за годината која завршува на 31 декември, 2022 година, во сите материјални аспекти, се подготвени во согласност со сметководствената регулатива на Република Северна Македонија.*

6. Членовите на Надзорниот одбор на СБ ги разгледа ревидираните финансиски извештаи и соодветното ревизорско мислење. Беше заклучено дека финансиската позиција и резултатите од работењето на Банката се презентирани објективно и точно во релевантните финансиски извештаи. Надворешните ревизори на Банката немаат идентификувано ниту едно прашање што материјално би влијаело на финансиските извештаи.

7. Надзорниот одбор изразува благодарност кон ревизорското друштво за нивната конструктивна соработка и придонес.

Н.О. бр.________
28.04.2023, Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател,
Маринис Стратопулос